МИЛЕ ЗУБЕРОВСКИ - ЗУБЕРО
пензионер, Битола

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ НА Социјалистичка Република Македонија Општински одбор РЕСЕН

СЕЌАВАЊА ЗА ОВЧАРОТ (НАУМ ВЕСЛИЕВСКИ)

Изминаа 45 години откако го запознав Овчарот. Во таа смисла ќе го изнесам следново: во првата половина на месец септември 1944 година, Деветтата македонска тиквешка бригада водеше борби против окупаторот во реонот на Дреновските Клисури, на патот Плетвар - Градско. Тогаш постоеше и покрупна формација на НОВ - 48 македонска дивизија (формирана во првите денови на споменатиот месец, во село Шешково - т.Мориово) чии прв командант беше Овчарот. За првпат непосредно го видов и слушав во село Дреново, Тиквешко. Едно утро, после ноќните борби водени во таа месност, ние од II баталјон на 9-та Тиквешка бригада, во чии состав се наоѓав како борец на минофрлач, седевме со другарите, една група партизани, кога дојде курир од дивизијата и ми јави дека сум повикан во штабот на дивизијата, кој во тој момент беше сместен во училиштето на село Дреново.

Придружен со куририот, стигнавме во училишната зграда и заедно влеговме внатре. Куририот тропна на вратата, влезе, поздрави и рапортира: "Друже команданте ја исполнив наредбата, го водам повиканиот другар"! Влегувајќи внатре и јас поздравив. Командантот отпоздрави и ме понуди да седнам на една ученичка клупа. На истата клупа веќе седеше Стево Димовски - Стиф од село Велушина, Битолско со кого се познавав од порано и веќе важеше како стар борец и командант на баталјон во споменатата бригада. Добив впечаток дека помеѓу нив двајцата се водеше расправа за некоја неуспешна акција.

Во тој дијалог помеѓу Овчарот и Стиф за првпат слушнав дека е тој прославениот командант Овчарот, кого дотогаш не го имав непосредно видено, иако борците и народот од тој крај многу често го споменуваа и зборуваа за него дека е тој Овчарот, легендарниот командант на дивизијата, за кого јас од порано речиси ништо не знаев.

След како ја заврши споменатата расправа со Стиф, заклучив дека Овчарот и другите членови на штабот на дивизијата, а тука беше и Ружа (Ката сега Брајковска), која беше заменик на политкомесарот на 9-та

бригада, не беа доволни од раководењето на Стиф и затоа го сменуваа од должноста.

По оваа расправија, командантот Овчарот ми се обрна со зборовите: "Зубер, те викнав да ти јавам дека од сега ќе одиш во село Драдња, Тиквешко. Таму е III баталјон на 9-та бригада. Писмото што ти го давам ќе му го предадеш на командантот Киро и ќе го смениш од должноста политкомесар Димко Кочинот, кој да се јави овде на штабот на дивизијата"! По овие негови зборови јас се осетив како да уште не сум дораснат за ваква должност и особено затоа што требаше да заменам на должноста постар борец, исто битолчанец. Затоа го замолив со зборовите: "Команданте, ако е можно некој друг да оди и го заземе тоа место". На ова тој отсечно ми нареди: "Оди, јас знам за тебе; ќе имаш добар борец командант на баталјонот и ништо не секирај се". Ми објасни на кратко за Киро дека биле заедно во Кумановско и Врањско.

Потоа, јас се примив за политкомесар на единицата, која ја најдов во село Драдња, каде извршивме примопредавање на должноста. Со оваа единица во месноста Мрзен Ораоец, Тиквешко неколку дена водевме акции.

Еден ден, кон средината на септември т.г., дојде наредба да сите вооружени формации во регионот - бригади и одреди кои дејствуваа на тиквешкиот терен - да се соберат во село Бегниште, Кавадаречко. Утрото со баталјонот и јас стигнав во споменатото село. Дента врнеше силен дожд и кога влеговме со командантот Киро, на рапорт, повторно го видов Овчарот, кој нѐ покани да седнеме. Со оглед дека надвор врнеше, тој предложи да останеме внатре во една голема селска одаја. Тројцата седевме околу 2-3 часа, а во меѓувреме влегуваа и излегуваа разни луѓе - цивили, партизани, команданти, борци и други. Вриеше како во кошница. Тогаш тој ни рече: "Денес формираме една голема единица, имаме запленето доста оружје од Бугарите, кои тогаш разоружани се повлекуваа кон Демир Капија; но, не ни кажа конкретно кој на каква должност ќе биде.

Следниот ден, на една полјанка, Овчарот ги построи сите борци во четири баталјони од кои еден пратеќи. Тогаш добив должност - член на штабот на бригадата, односно секретар на скоевската организација. На тој начин се најдов во непосредна близина на Овчарот, кој беше командант на

оваа крупна единица, а негов заменик беше Димче Јончевски-Бодри; политкомесар беше Стојан Бочварот (од штипско) и заменик политкомесар Ружа (Кате Брајковска). Како член на штабот на оваа единица, пет-шест дена бевме денонокно заедно со Овчарот. Со оглед дека јас се најдов во овој штаб како поранешен интелектуалец, осетив дека покрај тоа што Овчарот беше мајстор по воена линија, иако не школуван беше бистер и одлучен, а и началникот беше спремен како предвоенен офицер и воздухопловен капетан Паниковски од Неготино. Двајцата дискутираа на рамна нога за воените термини, команди, за акциите и редовните работи на единицата. Овчарот посебно се интересираше за интендатурата и снабдувањето на единиците со храна, муниција и опрема. Секоја слободна прилика ја ползуваше нешто да прочита и принаучи, а за страните изрази во конверзацијата си водеше посебни белешки и често си потпевнуваше народни песни, како "Ленка" од Кочко и други.

За тоа кратко време добив впечаток дека се работи за посебно надарен човек и командант. За неговата храброст просто немам зборови како да го окарактерисам. Уживаше голем авторитет кај соборците и народот во Тиквешко.

Оваа единица во втората половина на истиот месец се преформира во три бригади: 9-та, 10-та и 11-та, а Овчарот остана за командант на овие единици - формација 48 дивизија.

Со него се срекававме често пати во Тиквешијата, Велешко и Азот, а по ослободувањето и во Кичево, кога се разделивме; тој замина за Тетово, а јас за Охрид; тој како командант на дивизијата, а јас како политкомесар на I баталјон на 11-та тиквешка бригада.

Според мојата скромна оцена Овчарот е една легенда на Македонија.

Од контакти со луѓе од Врањско и Кумановско, мој впечаток е дека Овчарот е многу повеќе познат и се прославил во војната во тие краеви.